# З А П И С Н И К

Од седмата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 21.04.2022 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:** 14

**Отсатни:** Адем Јетмир Јашари

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

## Дневен ред

**1.**Одлука со која се дава согласност на кофинансирање за проектот ,,Реконструкција на ул.Дубрава со краци 1, 2, 3,, во с.Брвеница.
**2.**Одлука со која се дава согласност на кофинансирање за проектот ,,Реконструкција на ул. Поречко Маало,, во с.Д.Седларце.
**3.**Одлука одобрување на проектот за ,,Рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица 1,, во с.Радиовце.
**4.**Одлука одобрување на проектот за ,,Рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица Циле Маало,,с.Челопек.

Претседателот на Советот на почетокот ги поздрави присутните и праша, дали има некој да се јави за збор за изменување и дополнување на дневниот ред и меѓу другото кажа, денес имаме седница на Совет поради итноста на одлуките кои мора да ги донесеме бидејќи истекува рокот за аплицирање по проектите.
Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот, дневниот ред го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните 15 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„Одлука со која се дава согласност на кофинансирање за проектот „Реконструкција на ул.Дубрава со краци 1, 2, 3,, во с.Брвеница,** Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, добар ден на сите, денес имаме 4 точки на дневен ред односно се работи за 4 проекти, едниот е за ул.Дубрава со краци 1, 2, 3,, во с.Брвеница, реконструкција на ул. Поречко Маало,, во с.Д.Седларце, рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица 1,, во с.Радиовце и рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица Циле Маало,,с.Челопек. Денес треба да се донесат овие 4 одлуки со кои треба да се даде согласност за кофинансирање, ќе се оди со аплицирање во Бирото за регионален развој и тоа за трите проекти улица Дубрава, улица Поречко маало во с.Д.Седларце и Циле маало во Челопек со кофинансирање каде општината ќе учествува со 50% општински средства а другите 50% се од БРР, додека за рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица 1,, во с.Радиовце БРР покрива со 100% финансиски средства, на терет на општината е само ДДВ-то. Незначи дека ќе ги добиеме средствата, наше е само да аплицираме. Со некои проекти сме

аплицирале во повеќе организации, преку ИПАРД фондовите а за еден дел од улиците ќе се трудиме да бидат финансирани од општинските средства за да опфатиме повеќе улици.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, благодарам за објаснувањето за сите 4 точки, објаснувањето е во ред но ние по правило треба да гласаме за сите точки поединечно. Дали има некој нешто да каже.

За збор се јави Синиша и праша, мене само ме интересира дали улицата во Поречко маало ќе биде со асфалт или со бекатонки.

Соодветниот од општината кажа, таа е веќе во тендерски процес и ќе биде изведена со асфалт.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, да зборуваш за патишта навистина е за поздравување, се работи за 4 патишта и јас ќе гласам ЗА, ме интересира изборот на овие патишта, дали требало да се земат во обзир и претходните барања. Од општинската администрација барам да ме информира кои улици поминале на Совет. Мое мислење е дека требело да има уште едно барање за село Милетино како и од другите населени места, ќе се аплицира и во иднина но за да го следиме тој ритам да не излегуваме од правилникот мислам дека требало да има и една улица од Милетино

Соодветниот од општината кажа, имате право, патиштата се многу важни за една општина но тука има и процедура пред да аплицира општината се изготвува техничка документација. Што значи за овие проекти сме имале изготвена техничка документација, за улица Дубрава имаме а се трудиме да направиме техничка документација за сите улици. За другите патишта се работи техничка документација и ревизија на проектот, тие се изготвуваат од страна на проектанти и се надевам дека до крајот на годината ќе имаме техничка документација за сите улици. Секаде каде што има Јавен повик ќе аплицираме а прифаќањето не зависи од нас. Секако сме благодарни бидејќи без одлука на Совет не ќе може да се аплицира.

Абеб Нухии повторно зеде збор и кажа, не дека не сум задоволен туку во Радиовце и Челопек се чека, за проектот не сум против , поинаку да не ме разберете, во Радиовце имаме Поречко маало кое чека, патот од Челопек до гробиштата и други. Според мене требало по редослед како се донесени одлуките така да се реализираат. Во иднина да се внимава.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Одлука со која се дава согласност на кофинансирање за проектот „Реконструкција на ул.Дубрава со краци 1, 2, 3„ во с.Брвеница„** , ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните 15 советници.

**II**

По однос втората точка на дневниот ред **„Одлука со која се дава согласност на кофинансирање за проектот „Реконструкција на ул. Поречко Маало**„ во с.Д.Седларце„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа дека за оваа точка веќе е образложено.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор и бидејќи веќе беше образложено Претседателот на Советот точката **„Одлуката со која се дава согласност на кофинансирање за проектот „Реконструкција на ул. Поречко Маало**„ во с.Д.Седларце „ ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните 15 советници.

**III**

По однос третата точка на дневниот ред **„**Одлука одобрување на проектот за „Рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица 1„ во с.Радиовце. **„** Претседателот ја прочита истата и кажа дека и за оваа точка истото важи како иа за претходната.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„** Одлука одобрување на проектот за „Рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица 1„ во с.Радиовце **„** ја стави на гласање и истата беше прифатена со 15 советници ЗА.

**IV**

По однос четвртата точка на дневниот ред **„Одлука одобрување на проектот за „Рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица Циле Маало„с.Челопек**„ Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, само како информација од соодветниот од општината, кај некои патишта има кофинансирање кај некои не.

Соодветниот од општината одговори, БРР има програма за развој на села со специфични потреби, три проекта ќе се кофинансираат а еден оди со 100% финасирање од нивна страна. Кај трите проекта на терет на општината е само ДДВ-то. Кофинансирањето е во висина од 50%. Што се однесува до цените ова се проектантски цени, кога ќе излезат на тендер може и да паднат истите.

Претседателот на Советот кажа, според логиката коефициентот е полесно да се прифати да не доаѓа до недоразбирање, се надеваме дека сите проекти ќе се прифатат а исто така го прифаќаме и тоа дека сте во фаза на изработка на тендерска документација. По барањето на Абеб Нухии во врска со одлуките за изградба на патишта донесени на Совет, треба да се одговори на писмено.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„ Одлука одобрување на проектот за „Рехабилитација и реконструкција на патна инфраструктура-улица Циле Маало„с.Челопек „** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 15 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши седмата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**

Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**

**Бујамин Рушити**

**Бр.08-818/2**
**21.04.2022 год.**
**Брвеница**